Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22), Министерството за транспорт и врски, на ден __.__.2022 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Берово, КО Смојмирово вонград и КО Робово, Општина Берово и Општина Пехчево,** кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Берово, КО Смојмирово вонград и КО Робово, Општина Берово и Општина Пехчево,** нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија, намалување на зависноста од увоз на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Имплементацијата на планскиот документ со својата намена за користење на претоварна станица за управување со комунален отпад е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку напреден технолошки процес за одлагање на комуналениот отпад и намалување на вкупните штетни емисии во воздух и околината. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.21-2385/6
Датум:14.10.2022
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски